Од: Државен инспекторат за животна средина

**Известување за извршен вонреден инспекциски надзор во Прехрамбена индустрија Благој Горев Велес**

До Државен инспекторат за животна средина на службен мејл поднесено е Барање за извршување на вонреден надзор во фабриката Благоја Ѓорев, Велес од страна на инспекциските служби на општина Велес со образложение дека немат Овластен инспектор за животна средина, а поради чуствителноста и загадувањето на животната средина причинета при истекувањето на мазутот е значителна и ќе треба да се спроведе целосна инспекциска постапка со утврдување на причините на загадувањето

На ден 17.06.2020 направен е вонреден инспекциски надзор во Прехрамбена индустрија Благој Горев Велес. Инспекцискиот надзор е направен од Државните инспектори Вера Љатева и Виолета Панзова. Се изготви Записник за констатација со бр 19.2-58 од 17.06.2020 година на утврдените неправилности согласно Закон за животна средина и Закон за управување со отпад. Од увидот е видливо истекувањето на мазутот како во кругот на инстлацијата така и надвор во животната средина. За истите ДИЖС ке превземе мерки и ке се санкционират согласно Законот за животна средина и Законот за управување со отпад.

Служба за комуникација со јавноста